Октомври - Декември 2020

# (Не)ефикасноста на Државниот инспекторат за труд во заштитата на работничките права

бр. 6

Добиени одговори:

9 позитивни

4 негативни

3 нема одговор



Број на поднесени барања за вонреден инспекциски надзор

16




## Подрачни единици на Државниот инспекторат на труд до кои се поднесени барањата за вонреден инспекциски надзор




## Предмет на инспекциските надзори




## Време на чекање за добивање одговор по поднесено барање за вонреден инспекциски надзор




Потребно време за доставување одговори од ДИТ по поднесени барање за вонреден инспекциски надзор




Време на чекање на одговор од ДИТ по барањата за вонреден инспекциски надзор за кои се уште нема одговор

## Препораки

**Да се подобри ефикасноста во постапување по барања за вонреден инспекциски надзор и** известување на подносителите на барањата, согласно законските рокови од Законот за инспекциски надзор. Дури во 10 од поднесените 16 барања за вонреден инспекциски надзор од Хелсиншкиот комитет во извештајниот период, Државниот инспекторат за труд не ги испочитувал овие законски рокови.

**Да продолжи добрата пракса на воспоставување редовни неделни состаноци на Државниот** инспекторат на труд со здруженијата на граѓани и синдикатите. Се надеваме дека овие состаноци повторно ќе се покажат како исклучително корисни и ќе ја зголемат ефикасноста на Инспекторатот во постапувањето по поднесените барања за инспекциски надзор.

**Ја поздравуваме одлуката на Инспекторатот да поднесе кривична пријава против работодавач за** несреќа при работа со смртни последици во Куманово. Ова е втор случај, за кој Инспекторатот нѐ извести дека е поднесена кривична пријава против работодавач по основ на неизвршени здравствени прегледи и неспроведување соодветна обука од областа на безбедност и здравје при работа. Имајќи ја предвид состојбата на терен и фактот дека недостигот на ваквата обука е честа причина за повреди на работните места, апелираме инспекторатот да продолжи да поднесува кривични пријави во ваквите случаи. Се надеваме дека ова ќе претставува значаен чекор во превенцијата на идни трагични инциденти.

**Државниот инспекторат за труд да ја засили соработката со Управата за јавни приходи во насока на** идентификување и санкционирање на работодавачите кои користеле државна финансиска помош, а не ја испочитувале обврската за исплата на плата и/или исплата на минимална плата на своите вработени.

**Да се обезбеди доследна примена на исплатата на плата и надоместоците на плата на работниците** кои се ослободени од работа со превентивните мерки на Владата поради ширењето на COVID-19. Државниот инспекторат за труд треба да гарантира дека нема погрешно толкување на превентивните мерки и препораки на Владата за ослободување на одредени категории на работници и нивно погрешно поистоветување со членовите од Законот за работните односи кои се однесуваат на неможност за извршување на работата заради виша сила и користење на принуден одмор.

**Државниот инспекторат за труд треба да обезбеди доследна и правилна примена на продолжената** мерка за ослободување на бремените жени од работа и работни обврски со физичко присуство на работното место.

**Да се засили надзорот за исплата на регрес за годишен одмор К-15 од страна на работодавачите.** Воедно, Државниот инспекторат за труд треба да побара автентично толкување на Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството за начинот на пресметка и утврдување на висината на регресот за годишниот одмор кај работодавачите кои имале финансиски потешкотии во работењето и кои исплаќаат понизок износ од минималните 40% од основицата за регрес на годишен одмор.

UKaid from the British people
British Embassy Skopje
ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПРОДУКТИВНОСТА ПРЕКУ ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РАМКА ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ ВО МАКЕДОНИЈА
ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
Документот е подготвен во рамки на проектот ,,Зголемување на продуктивноста преку подобрување на законската рамка за работните односи во Северна Македонија", финансиран од Фондот за добро владеење на Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.